# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година ( Прв Ребаланс )

**Општина Крива Паланка има потреба за изменување и дополнување на Буџетот за 2026 година, односно 1 Ребаланс. По добиен допис бр.08-3078/1 од 07.04.2026г. од страна на Министерство за финансии – Сектор за Буџет и фондови за дополнување на насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2026 година кој се однесува за зголемување на ДДВ .**

**На сметката на Основниот Буџет има зголемување на ДДВ со вкупен износ од 17.411.257 денари и тоа во делот на воедначувањето и во делот на перформансиите, зголемување по однос на останатиот дел од Вишокот, односно дел од остатокот од салдото со вкупен износ од 2.425.354 денари и зголемување по склучен договор помеѓу Општината ( Анекс на договор бр.08-6787/1 од 23.12.2025 г. со Министерство за животна средина и просторно планирање) со вкупен износ од 4.000.000 денари со кои се утврдува дека ќе се изврши трансфер на средства во тековната 2026 година.**

**На сметката на основен буџет се зголемува за 23.836.611 денари.**
**На сметката на дотации нема промена.**
**На самофинансирачката сметка нема промена.**
**На сметката на донации по барање на ( ООУ ,, Јоаким Крчовски “ – Програма N1) се извршени пренамени од конто на конто .**

**Во 1 Ребаланс се извршени пренамени на повеќе расходни конта и програми за реализација на програмите и потребите на Сметката на Буџет (630) и на Сметката на донации (785) .**

**Буџетот на Општина Крива Паланка ќе се зголеми за 23.836.611, а по 1 Ребаланс ќе изнесува 720.590.969 денари.**

## БУЏЕТСКА СМЕТКА

| Министерство | Проширување по однос на дополнување на насоките за зголемување на ДДВ | Износ | Приходно конто |
|---|---|---|---|
| Министерство за финансии | Зголемување на дотацијата од ДДВ – дел за воедначување | 3.956.313 | 741115 |
| Министерство за финансии | Зголемување на дотацијата од ДДВ – дел за перформанси | 13.454.944 | 741115 |
| | **ВКУПНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДДВ:** | **17.411.257** | **741115** |

| Конто | Вкупни приходи на Основниот Буџет за 2026 година | БУЏЕТ | Проширување | 1 Ребаланс |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| (71,72,73, и 741113) | - Максималниот износ на сопствени приходи | 153.280.742 | | 153.280.742 |
| **741111** | - Трансфери од други нивоа на власт | | **4.000.000** | 4.000.000 |
| **741114** | - Пренесен вишок на приходи од претходната година | 10.300.000 | **2.425.354** | 12.725.354 |
| **741115** | - Дотации на општината ,од приходи од ДДВ | 53.900.635 | **17.411.257** | 71.311.892 |
| 741211 | - Капитални трансфери од други нивоа на власт | 79.484.270 | | 79.484.270 |
| | **ВКУПНО:** | **296.965.647** | **23.836.611** | **320.802.258** |

| ПРОГРАМА | Буџетска сметка за 2026 година / Опис на програма | Зголемување / Намалување |
|---|---|---|
| | | |
| A0 | Совет на општина | **2.253.600** |
| D0 | Градоначалник | **5.000** |
| E0 | Општинска администрација | **6.550.000** |
| F1 | Урбанистичко планирање | **-632.000** |
| G1 | Подршка на локален економски развој | **1.107.500** |
| J0 | Одржување на урбана опрема | **400.000** |
| J3 | Јавно осветлување | **1.100.000** |
| J6 | Одржување и заштита на локални улици и патишта | **1.240.000** |
| J8 | Други комунални услуги | **1.200.000** |
| JD | Изградба и реконструкција на локалните улици и патишта | **-600.000** |
| JG | Изградба на системи за водоснабдување | **-50.000** |
| JI | Изградба на системи за прочистување на отпадни води | **3.700.000** |
| JL | Други комунални услуги (капитални расходи) | **-100.000** |
| N1 | Основно образование | **400.000** |
| N2 | Средно образование | **425.000** |
| K3 | Музејска и кинотечна дејност | **1.243.000** |
| K4 | Културни манифестации и творештво | **2.850.330** |
| KA | Културни манифестации и творештво (капитални расходи) | **-54.000** |
| LO | Спорт и рекреација | **522.781** |
| R1 | Заштита на животната средина и природа | **800.000** |
| W0 | Противпожарна заштита | **1.475.400** |
| | **ВКУПНО:** | **23.836.611** |

**Буџетската сметка се зголемува за вкупен износ од 23.836.611 денари , а со 1 Ребалансот ќе изнесува 320.802.258 денари .**

## СМЕТКА НА ДОНАЦИИ

**Со 1 Ребаланс на сметката на дотации по барање на Буџетските единици се извршени пренамени од конто на конто за реализација на нивните потреби. - (N1)**

## РАЗВОЕН ДЕЛ - (LAA)

*** Од развојниот дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година Програмата LAA се корегира во Развојна програма LAA (2025 и 2026) ,бидејќи целиот прилив што се планираше во 2025 година не се реализира и остатокот се планира да се реализира во 2026 година.**

**Вкупниот Буџет на Општина Крива Паланка за 2026 година ќе се зголеми за 23.836.611, а по 1 Ребаланс ќе изнесува 720.590.969 денари.**